Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 16-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување на Одлуката за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување на Одлуката за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес со бр.09-2078/6 од 23.04.2026 година, донесена од страна на Советот на Општихна Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.04/26).

Член 2

Текстот во член 5 се брише и се заменува со следниот текст: „Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес, од Програма – А0 – Совет на општина - расходно конто 464 110 –стипендии за студенти“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

На 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, Советот на Општина Велес ја донесе Одлуката за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес, со бр.09-2078/6 од 23.04.2026 година, донесена од страна на Советот на Општихна Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.04/26).

Во член 5 на донесената Одлука е наведено следното: „Средствата за реализација на оваа одлука се обезбедуваат од Буџетот на општината, согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието.“

Од причина што во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието, не може да се предвидат средства за таа намена, потребно е да се направи измена во член 5 од Одлуката.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува правото на субвенционирање на партиципација за упис на седум (7) средношколци-матуранти/идни студенти од средните училишта на територијата на Општина Велес, на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола.

Член 2

Право на субвенција имаат средношколци-матуранти/идни студенти кои:

-завршиле средно образование
-се жители на Општина Велес;
-се запишуваат во прва година на студии на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола во Велес на прв циклус студии.

Член 3

Субвенцијата се доделува во форма на парична помош за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола во износ од 200 евра во денарска противредност по студент односно по 100 евра во семестар.

Член 4

Исплатата на средствата се врши од Општина Велес директно на сметка на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола врз основа на доставено барање и ранг листа од страна на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со прилог доказ за упис во прва година на прв циклус студии.

Технолошко-техничкиот факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола има обврска да поднесува барање до Општина Велес пред почеток на секој семестар.

Член 5

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес за секоја тековна година од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 09-2078/6
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Градоначалник;
- Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа;
- Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски"-Битола и
-Списи и архива.